Јавно претпријатие за стопанисување со државни шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.
Бр./Nr. 02-150/10
25-04-2023 20___ год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 23 став 4 и член 26 од Законот за од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), а во врска со Огласот за вработување на определено време бр. 01/2023 до 31.12.2023 година, објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“, Директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ - Скопје донесе:

**О Д Л У К А**
**за поништување на избор на кандидати по јавен оглас за вработување на определено време до 31.12.2023 година**

1. **СЕ ПОНИШТУВА** изборот на кандидат во одлука за избор на работници на определено време бр.02-150/4-15 од 13.04.2023 година за работното место Сечач под реден број 6 Илче Палашовски во Подружница “Кајмакчалан” Битола.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈП Национални шуми п.о. Скопје на ден 13.04.2023 година на огласната табла и на веб страната на јавното претпријатие ги објави одлуките за избор на кандидати по спроведената постапката за вработување на определено време по јавниот Оглас 01/2023 објавен на 01.03.2023г, спроведе постапка и според пристигнатите пријави, за горенаведените работни места поделени по Подружници се изврши избор на кандидатите наведени во одлуката бр. 02-150/4-15 од 13.04.2023 година. Избраниот кандидат на работно место Сечач под реден број 6. Илче Палашовски иако бил повикан од службите во подружницата истиот не се појавил, како би склучил договор за вработување на определено време, поради што истиот не е пријавен во АВРМ и не засновал работен однос.

Врз основа на наведеното, Директорот на ЈП „Национални шуми“ - Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од осум дена сметано од денот на објавата на огласната табла и на интернет страната на ЈП „Национални шуми“ – Скопје, до надлежен орган согласно закон.

**ЈП „Национални шуми“ Скопје**
**Директор**
**Валентин Груевски**

**Доставено до :**
-Архива
-Правен сектор
-ПШС
-Агенција за вработување

CamScanner